


# "Бернајс пропаганда" со нова песна најавува албум и турнеја

"Бар култура" е вториот сингл што го најавува "Забранета планета", новиот албум на хероите на македонската независна музичка сцена "Бернајс пропаганда". Песната е достапна за бесплатно симнување на страницата на издавачката куќа "Направи заедно" (napravizaedno.com) и е најава за концертната промоција на албумот, која ќе биде на 1 март, во МКЦ во Скопје, каде што, покрај "Бернајс...", ќе настапат и "Калчр дивелопмент", СИЗ и "Молокаи". "Забранета планета" ќе биде достапен за бесплатно симнување од 15 февруари, а официјално (на винил и компакт-диск) ќе излезе на 26 февруари. Албумот, на 2 март, ќе има концертна промоција и во Центарот за култура во Битола, а потоа бендот ќе замине на едномесечна европска турнеја.

***(И.И.)***

# Роботек со ново издание по 5 години



"Плутониум" е новото и-пи на македонскиот електронски артист Роботек, што деновиве излезе за "Пи-Ем-Џи рекордингс". Изданието има две песни (едната ремикс на "Мини-калкулатор" од "Крафтверк") и е достапно за бесплатно симнување од www.pmgrecordings.com. И-пито излегува по пет години пауза од последното издание на Роботек (албумот "Мини" од 2007 година) и е најава за неговиот нов, трет албум. ***(И.И.)***

# Билетите за "Златна бубамара" во продажба



*"Барок стил", еден од најпопуларните лански скечеви на водителот Сашко Коцев*

Од вчера се во продажба билетите за манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", која ќе се одржи на 21 февруари, во Универзалната сала.

Ги има на билетарницата на Универзална и се по цена од 1.000 денари.

- Во изминативе 10 години билетите се продаваа за само три часа, така што сите оние што сакаат да бидат дел од овој голем настан, навреме нека бидат пред билетарницата на Универзална сала - ветат од Штабот на радиото "Бубамара".

И оваа година, радиото "Бубамара" има неповторливо сценарио, кое го обединува целиот интелектуален, политички, музички и бизнис-свет на едно место, со цел да си ја прочистиме мислата, просветлиме духот и да си ја облагородиме душата, додаваат од тимот на "Бубамара", чие мото годинава е "Мелем за душа". ***(М.Џ)***